**Известување за концентрација со која Бугарско телекомуникациско друштво ЕАД од Бугарија ќе стекне самостојна контрола над Телнет ООД од Бугарија**

**(предмет бр. 08-131 од 07.12.2021 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 07.12.2021 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација кое се однесува на стекнување на самостојна контрола од страна на Бугарско телекомуникациско друштво ЕАД (Българска телекомуникационна компания ЕАД) , со регистрирано седиште на адреса Булевар Цариградско шосе 1784, Софија, Бугарија над друштвото Телнет ООД (Telnet OOD), со регистрирано седиште на адреса ул. Бугарија 17, Велико Трново 5000, Бугарија.

**Бугарско телекомуникациско друштво ЕАД** е во крајна сопственост на фондови кои ги советува БЦ Партнерс ЛЛП (BC Partners LLP), меѓународен инвестициски фонд со седиште во Лондон. БЦ фондовите се исклучиво финансиски инвеститори, т.е. не се вклучени во секојдневните деловни активности на компаниите во кои инвестираат, со кои управуваат сопствени одбори на директори.

**БЦ Партнерс** има регистрирано присуство во Република Северна Македонија преку следните индиректно зависни друштва:

- **Тотал ТВ ДОО Скопје**, со регистрирано седиште на Булевар ВМРО бр. 3, Центар, Скопје, кое се бави со дистрибуција на медиумски содржини преку DTH техничка платформа, и

-**ДИРЕЦТ МЕДИА ДООЕЛ Скопје**, со регистрирано седиште на Орце Николов 68/3, Центар, Скопје, кое се бави со маркетиншки дејности.

-**Телнет ООД** е основано во 2005 година како резултат на спојувањето на двата најголеми интернет оператори во округот Велико Трново – друштвото Маги ООД (Magi OOD) и Го-Линк ООД (Go-Link OOD). Телнет претставува телекомуникациски оператор кој е регистриран за обезбедување на услуга на фиксен широкопојасен пристап на интернет, како и дистрибуција на медиумски содржини (преку CATV и IPTV технологија), исклучиво на корисниците во Бугарија, во округот Велико Трново.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

09.12.2021 година
Скопје